5269.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 ноември 2015 година.

Бр. 08-5084/1
2 ноември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15 , 98/15 и 129/15), во членот 34 став 1 во алинејата 6 на крајот на реченицата сврзникот „и" се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 7 на крајот од реченицата точката се заменува со запирка и се додава нова алинеја 8, која гласи:

„- осигурените лица-корисници на правото за биомедицинско потпомогнато оплодување за здравствените услуги извршени во постапките на биомедицинско потпомогнато оплодување спроведени со автологно оплодување и алогенеичко оплодување за прво, второ, трето и четврто дете, најмногу до трет неуспешен обид за оплодување."

По ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Средствата за ослободување од учеството утврдено во ставот 1 алинеја 8 на овој член, на здравствената установа ги надоместува Фондот за здравствено осигурување на Македонија."

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SIGURIM SHËNDETËSOR

Neni 1

Në Ligjin për sigurim shëndetësor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/52005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15 , 98/15 dhe 129/15), në nenin 34 paragrafi 1 në alinenë 6 në fund të fjalisë lidhëza "dhe" zëvendësohet me pikëpresje.

Në alinenë 7 në fund të fjalisë pika zëvendësohet me presje dhe shtohet aline e re 8, si vijon:

"-personat e siguruar persona - shfrytëzues të të drejtës për fekondim të ndihmuar biomjekësor për shërbimet shëndetësore të realizuara në procedurat e fekondim të ndihmuar biomjekësor të zbatuara me fekondim autolog dhe fekondim alogjeneik për fëmijë të parë, të dytë, të tretë dhe të katërt, më së shumti deri në përpjekjen e tretë të dështuar për fekondim."

Pas paragrafit (4) shtohet paragraf i ri (5), si vijon:

"Mjetet për lirim nga pjesëmarrja e caktuar në paragrafin 1 alinenë 8 të këtij neni, institucionit shëndetësor ia kompenson Fondi për Sigurim Shëndetësor i Maqedonisë."

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

5270.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИОМЕДИЦИНСКО ПОТПОМОГНАТО ОПЛОДУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 ноември 2015 година.

Бр. 08-5085/1
2 ноември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИОМЕДИЦИНСКО ПОТПОМОГНАТО ОПЛОДУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување („Службен весник на Република Македонија" број 37/2008, 164/13 и 149/14), во членот 12-а став 8 зборот „бремености" се заменува со зборовите: „обиди за забременување".

По ставот 8 се додава нов став 9, кој гласи:

„Како причина за поднесување на барање за поведување на постапка на БПО со гестациски носител од страна на брачната двојка се признава и постоење на заболување кај жената од брачната двојка кое е контраиндицирано со забременување заради можни тешки животозагрозувачки компликации и последици кај жената од брачната двојка, вклучувајќи смртен исход."

Ставот 9 кој станува став 10 се менува и гласи:

„Лекарска потврда за постоење на причините од ставовите 5, 6, 7, 8 и 9 на овој член издава конзилиум од тројца доктори на медицина специјалисти од јавна здравствена установа на терцијарно ниво врз основа на